РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 8 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија го објавува следното:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека Ад Водостопанство Подружница Берово, на ден 15.07.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулиран период 2027-2029 година, заведено под УП1 бр.08–319/26 од 15.07.2026 година.

Со поднесеното Барање, Ад Водостопанство Подружница Берово бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и просечните тарифи за водната услуга да изнесуваат:

1. **За снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението:**

| Опис | Единица мерка | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 23.225.481 | 24.438.613 | 25.802.372 |
| Количина на испорачана вода | $m^3$ | 1.500.000 | 1.600.000 | 1.600.000 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 14,49 | 14,41 | 15,33 |
| Минимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 13,50 | 13,55 | 14,53 |
| Максимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 15,48 | 15,27 | 16,13 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 21 јули 2026 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk, voda@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 15.07.2026 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**